Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот на 23.11.2023 година, имателот на информацијата Министерство за економија го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од , по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: „
- Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – јаглен на локалитетот „Забрдо“, Општина Новаци, која Владата ја усвои на 16.10.2018 г., врз чија основа е објавен тендер за концесија за геолошки испитувања
-Кој е основот и аргументацијата/потребата за објавување на овој тендер?
-За која намена е минералната суровина-јаглен и каде е предвидено да се користи?“.

Се УВАЖУВА целосно.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од , имателот на информацијата Министерство за економија

**ВО СЛУЧАЈ НА УВАЖУВАЊЕ**

Ви ја доставува информацијата:
-Основот за објавување на тендер на локалитетот „Забрдо“ општина Новаци е поднесената Иницијатива за започнување на постапка за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина – јаглен на предметниот локалитет согласно член 13 од Законот за минерални суровини.
-Деталните геолошки истражувања на предметниот локалитет се вршат со цел утврдување на резерви на минерална суровина –јаглен за намена експлотација на минералната суровина.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото наслободен пристап до информации од јавен карактерво рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Министерство за економија на 01.12.2023 година, под бр. 15-4354/2.

**Kreshnik Bekteshi**
**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR**

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Верица Поп Ѓорчева, Виш соработник